ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ОД ИНВЕСТИТОР

Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување
со електроенергетскиот систем, со државна сопственост, Скопје
Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Shoqëri aksionare për transmetim të energjisë elektrike dhe menaxhim
me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup
Бр.-Nr. 11-2727
09.04 20 24 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

за изработка на Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110 kV ДВ од ТС 110/10 kV Валандово до нова ТС 400/110 kV Милетково и изградба на 2 x 110 kV ДВ од ТС 400/110 kV Милетково до ТС 110/25 kV ЕВП Милетково

1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

1.1	Инвеститор:	АД МЕПСО Скопје
1.2	Име на Проект:	Зајакнување на преносната мрежа во Југоисточниот регион на РМ
1.3	Обем на проектирање:	Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110 kV ДВ од ТС 110/10 kV Валандово до нова ТС 400/110 kV Милетково и изградба на 2 x 110 kV ДВ од ТС 400/110 kV Милетково до ТС 110/25 kV ЕВП Милетково
1.4	Проектирањето да се изврши согласно:	Закон за урбанистичко планирање (Службен Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23), Правилник за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 225/2020, 219/2021, 104/2022, 99/2023), Закон за градење „Службен весник на РМ“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18) и („Службен весник на РСМ“ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23), Правилник за содржината на проектите, означувањето на проектот, начинот на заверка на проектот од страна на одговорните лица и начинот на користење на електронските записи (Службен весник на РМ бр. 24/11, 68/13, 81/13,219/15 и 32/16), Правилник за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1kV до 400kV (Сл.Весник на РМ бр.25/19), Правилник за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата (Службен Весник на РМ бр.169/15 и 226/15), Мрежните правила на АД МЕПСО (Службен Весник на РСМ бр.04/22), како и сите други важечки стандарди и нормативи и нивните измени, со кои се врши регулирање на предметниот опфат.

- Урбанистички и просторни планови на регионот,
- Потребни мислења и согласности,
- Постојна техничка документација - Идеен проект,
- Постојни геодетски планови – ситуации (ажурирани) (1:1000 или 1:2000),
- Дополнителни геодетски снимања и анализи согласно делот од програмата која се однесува на геодетските работи,
- Ажурирана геодетска подлога со ажурирање на просторот надвор од границата на проектниот опфат во широчина од минимум 20m.

2. 110 kV ДВ од ТС 110/10 kV Валандово до нова ТС 400/110 kV Милетково и изградба на 2 x 110 kV ДВ од ТС 400/110 kV Милетково до ТС 110/25 kV ЕВП Милетково

2.1 Технички податоци за 110 kV ДВ од ТС 110/10 kV Валандово до нова ТС 400/110 kV Милетково:

2.1.1	Почетна точка:	Приклучен портал во новата ТС 400/110 kV Милетково
2.1.2	Крајна точка:	Приклучен портал во ТС 110/10 kV Валандово
2.1.3	Траса на далекуводот:	Да се дефинира трасата и да се направи детална Геодетска снимка на трасата со внесувања на сите пресеци со други инфраструктурни објекти, градби, водови и др.
2.1.4	Должина на кабелски вод:	≈ 8,2 km
2.1.5	Сигурносна ширина:	Да се предвиди заштитна зона (службеност) долж далекуводот со вкупна ширина од 20 m'.
2.1.6	Максимална висина на столбови до врв:	согласно Идеен проект
2.1.7	Максимална површина за градење на столбни места:	согласно Идеен проект

2.2 Технички податоци за 2 x 110 kV ДВ од ТС 400/110 kV Милетково до ТС 110/25 kV ЕВП Милетково

2.2.1	Почетна точка:	Приклучен портал во 400/110 kV ТС Милетково
2.2.2	Крајна точка:	Приклучен портал во ТС 110/25 kV ЕВП Милетково
2.2.3	Траса на далекуводот:	Да се дефинира трасата и да се направи детална геодетска снимка на трасата со внесувања на сите пресеци со други инфраструктурни објекти, градби, водови и др.

2.2.4	Должина на кабелски вод:	≈ 1,9 km
2.2.5	Сигурносна ширина:	Да се предвиди заштитна зона (службеност) долж далекуводот со вкупна ширина од 20 m'.
2.2.6	Максимална висина на столбови:	согласно Идеен проект
2.2.7	Максимална површина за градење на столбни места:	согласно Идеен проект

3. ДРУГИ БАРАЊА

3.1 Задолжителна документација :

- Потребни студии/елаборати;
- Геодетски елаборати за нумерички податоци;
- Податоци, информации и позитивни мислења од засегнати институции;
- Сите неопходни документи потребни за одобрување на урбанистичкиот проект.

3.2 Број на примероци на техничката документација: Четири примерока на македонски јазик во печатена и електронска форма (pdf. и dwg.)

НАПОМЕНА: При изработка на Урбанистичкиот проект, Изработувачот да се консултира со Инвеститорот како и со Проектантот на Идејниот проект.

Изработиле:

Ели Поповска

Влатко Галабов

Проверил:
Ерол Кецап

АД МЕПСО
Генерален Директор
Zumdi Emuz